РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 26. 09. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 161/4 | | |

4327

( Образец ПП......)

**До:** **Општина Битола**
**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата [redacted]
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

-Дали во проектот за реконструкција на јужната трибина на стадионот „Петар Милошевски“ во Битола, која гледа на улица „Крушевска република“ (обиколница), металната конструкција со платно е дел од проектот?

-Колку чинеше изведбата на металната конструкција, дали за истатата имаше тендер/јавна набавка и кога?
-Дали за истата имаше предмер пресметка пред изведување и предмер пресметка по завршената работа? Кој е избраниот изведувач и кој е датумот на склучување на договорот?

(опис на информацијата која се бара)
Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- **д) друго електронски запис и видео изјава за телевизија Тера**_____

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- **д) друго електронски и во директна комуникација со новинар на ТВ Тера, Дивна Грданова Карацовска**

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

[redacted]

**Во Битол 26.09.2025 година .** ______________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 24. 10. 2025

| Орг.Един: | Број: | | Прилог: | Вредност |
|---|---|---|---|---|
| 11 | 161 | 2 | | |

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Лица за посредување со информации
од јавен карактер

Бр.11-161/2
24.10.2025

Почитувани,

Во врска со барањето за пристап до информации од јавен карактер бр.11-161/1 од 26.09.2025 година, Ве известуваме дека во однос на посоченото во барањето, поставеното платно е дел од брендирањето на стадионот Петар Милошевски.

ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА БИТОЛА
ТОНИ КОЊАНОВСКИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА БИТОЛА

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-161/3
24.10.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на **26.09.2025 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-161/2025** од **26.09.2025 година**, во врска со информации со стадион „Петар Милошевски'' во Општина Битола.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број 11-161/2025 на ден 26.09.2025 година. Во барањето наведе дека бара информации поврзана со стадион„Петар Милошевски''.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1. Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-161/1 од 26.09.2025.
2. Одговор од Градоначалник бр.161/2 од 24.10.2025.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 24.10.2025 година, под бр. 11-161/3.

**Службено лице за посредув ање при остварување на**
**правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

Марија Атанасовска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА